# СОДРЖИНА

*ДАНОЦИ*

- **Трошоци за користење на сопствен автомобил за потреби на работодавачот……………………….5**

*СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА*

- **Остварување на правото на детски додаток……………………………………………….22**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Договор за франшиза…………………………………………….47**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Април 2022 година………………………………64**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Март 2022 година……………………….85**
- **Коефициент на пораст на цените за Март 2022……………….86**
- **Цени на гориво…………………………………………………….88**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2022 година……………………………………90**
- **Курсни листи ……………………………………………………….92**
- **Рокови за поднесување во Април 2022 година……………….99**

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*……………………………………101**

# ДАНОЦИ

дипл.економист Ромео Костадинов

## ТРОШОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕН АВТОМОБИЛ ЗА ПОТРЕБИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

***Употребата на сопствен автомобил за потреби на работодавачот, се оданочува со данок на личен доход над 3.500,00 денари месечно по возило и со данок на добивка во висина од 70% од исплатениот износ, во тековната година.***

### *ВОВЕД*

Оданочувањето на надоместокот за користење на лично возило за потреби на работодавачот е опфатено согласно со следните Законски прописи:

- ***Законот за данокот на добивка ("Службен весник на РМ" 112/14...151/21),***
- ***Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018...85/21),***
- ***Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18),***
- ***Правилникот за начин на пресметување на данокот на добивка ("Службен весник на РМ" 174/14...6/20) и***
- ***Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството ("Службен весник на РМ" 115/14 пт; 119/15; 150/16).***

За потребите на работодавачот, вработениот може да користи сопствено возило, врз основа на Договор или Одлука за користење и патен налог издаден од страна на работодавачот, за извршување на деловно патување или друга задача, со назнака за користење сопствен автомобил за превоз.

## *1. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕН ОДНОС*

Со одредбите од член 113 од Законот за работни односи како и одредбите од член 35 од Општиот Колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, се пропишани повеќето од надоместоците на трошоците, кои произлегуваат од работен однос.

Согласно одредбите од член 35 од Колективниот договор за стопанството за приватниот сектор, работникот има право на надомест на трошоците поврзани со работа, утврдени со закон и колективен договор и тоа:

- **Дневници за службени патувања во земјата најмалку** 8% од основицата;
- **Дневници за службени патувања во странство**, **согласно колективен договор на ниво на работодавач или акт на работодавач, но не помалку од** Уредбата за издатоците за службен пат и селидби во странство, што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци;
- **Теренски додаток** во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и слично), во висина утврдена со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на рабо-тодавач;
- **Надомест за одвоен живот од семејството**, во висина утврдена со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работодавач**, но не помалку од 60% од основицата**; надоместокот за одвоен живот се исплатува кога работникот е распореден, односно упатен на работа надвор од седиштето на фирмата или надвор од местото на постојаното живеалиште;

- **Надомест на трошоците за користење на сопствен автомобил за потреби на работодавачот во висина од 30%** од цената на литар гориво, што го користи автомобилот за секој поминат километар;
- **Надомест на трошоците при селидба за потребите на работодавачот**, во висина на стварните трошоци;
- **Регрес за годишен одмор во висина од најмалку 40% од основицата,** под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач.

Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач **може да се утврди регрес за годишен одмор во поголем износ од износот утврден со Општиот колективен договор.**

Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината. Износот се утврдува според основицата која важи на денот на донесувањето на Одлуката за исплата.

- ✓ **Во случај на смрт на сопруг, сопруга, деца и родители кои живеат во иста семејна заедница, на работникот му се исплатува надоместок во висина од две основици;**
- ✓ **За непрекинато боледување подолго од 6 месеци, поради повреда на работа или професионално заболување, во висина на основицата;**
- ✓ **За јубилејна награда во висина на основицата – за најмалку 10 години работа кај ист работодавач;**
- ✓ **При заминување во пензија, најмалку двократен износ од основицата.**

**НАПОМЕНА: Основицата за пресметување на надоместоците на работниците, преставува просечната месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните три месеци**.

Работодавачот на свој трошок на работниците може да им организира превоз до и од работното место, како и исхрана за време на работа. Трошоците за исхрана може да изнесуваат најмногу 20% од просечната нето плата по работник, исплатена во претходната година, а трошоците за превоз, во висина на стварните трошоци во јавниот сообраќај.

На работникот му се исплатуваат и други надоместоци согласно колективен договор на ниво на гранка, односно оддел, односно на ниво на работодавач.

Согласно наведеното, вработениот може за потребите на работодавачот да користи сопствено возило за извршување на деловно патување или работни задачи**, при што му следува надоместок во висина од 30% по поминат километар од цената на литар гориво, за соодветно ангажирано возило.**

Доколку работодавачот, на вработениот му признава и други трошоци по овој основ, даночниот третман се однесува за вкупно исплатениот износ, вклучувајќи ги и дополнително признаените износи на товар на работодавачот.

## *2. ОДАНОЧУВАЊЕ СО ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

Надоместокот по основ на користење на сопствено возило за потребите на работодавачот, подлежи на оданочување со данок на личен данок, но се оданочува и со данок на добивка, како делумно даночно непризнат износ.

Критериумите од аспект на оданочување со персонален данок и со данок на добивка се диференцијални, во делот на определување на даночната основа и прагот на оданочување.

Согласно одредбите од член 12 став 1 точка 17 од Законот за Данок на личен доход, Данокот на личен доход не се плаќа на примањата по основа на надоместоците на трошоците за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот **во висина од 30% од цената на литар гориво**, што го користи автомобилот за секој изминат километар**, а најмногу до 3.500 денари месечно.**

Максималниот износ, кој се третира како ослободен надоместок од персонален данок по основ користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот, **претставува 3.500,00 денари на месечно ниво, по автомобил, за соодветен вработен.**

Вкупниот надоместок со кој вработениот по овој основ може да се стекне, изнесува 30% од цената на литар гориво, што го користи автомобилот, за секој изминат километар.

Без оглед на вкупната висина на надоместокот, кој пресметан како 30% од цената на литар гориво, што го користи автомобилот за секој изминат километар, ќе му се исплати на вработениот, **не се оданочуваат 3.500,00 денари месечно.**

**Над** износот од **3.500,00** денари месечно се пресметува **данок** на доход по стапка **од 11,1111%** на нето исплатениот износ од надоместок, по основ на користење на сопствено возило за потреби на работодавачот.

## *3. ДАНОЧНА ОСНОВА ЗА ДАНОК НА ДОБИВКА*

Основа за пресметување на данокот од добивка е добивката која се утврдува во даночниот биланс, согласно член 7 став 1.

Основа за пресметување на данокот од добивка се утврдува како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник, во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди (член 7 став 2).

Основата од членот 7 став 2 од Законот се зголемува за непризнаените расходи за даночни цели.

### *3.1. Непризнаени расходи*

Согласно член 9 од законот за данок на Добивка, како непризнаени расходи за даночни цели, се сметаат:

**1. Расходите кои не се поврзани со вршење на дејност** на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност;

**2. Надоместоците на трошоци и други лични примања од работен однос,** освен утврдените со член 9 став 1 точка 2 од Законот, во износи **кои не го надминуваат**:

- **најнискиот износ на дневници за службени патувања, теренски додаток или одвоен живот, утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од обласа на стопанството на РМ (ОКДПСОС) и прописите за органите на државната управа, при што исплатите по овој основ меѓусебно се исклучуваат,**
- **износот на помош во случај на смрт на вработениот и на член на неговото семејство утврден со (ОКДПСОС) и прописите за органите на државната управа,**
- **најнискиот износ на помош за претрпени штети од елементарни непогоди утврден со (ОКДПСОС),**

- **најнискиот износ на отпремнина која се дава при замину-ване во пензија утврден со (ОКДПСОС) и прописите за органите на државната управа, - износот на еднократен надоместок**
- **испратнина заради трајно работно ангажирање на работниците при откажување на договорот за вработување од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени) утврден со закон,**
- **износот на регрес за годишен одмор во висина од 80% од просечната месечна бруто плата по работник во Република Македонија, објавена до денот на исплатата,**
- **износот на јубилејни награди за најмалку десет години работа кај ист работодавач во висина на просечна месечна плата по работник во Република Македонија, исплатена во последните три месеци, објавена од Државниот завод за статистика,**
- **износот на надоместоци на трошоци за користење на сопствено возило на вработениот за потребите на работодавачот, во висина од 30% од исплатениот износ, но најмногу до 60.000 денари на годишно ниво,**
- **износот на надоместокот заради непрекинато боледување подолго од шест месеци, предизвикано со повреда на работа или професионално заболување во висина на просечната месечна плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци и објавена од Државниот завод за статистика и**
- **износот на надоместокот при селидби на вработените за потребите на работодавачот, во висина на стварните трошоци направени за превоз на покуќнината и на семејството;**

**3. Трошоците за организирана исхрана и превоз** во јавниот сообраќај на вработените, над износите утврдени со закон;

**3-а) Надоместоци на трошоци за хотелско сместување (категорија повисока од четири ѕвездички)** во износ над 6.000 денари дневно по лице и надоместоци на трошоци за превоз на лица, кои не се вработени кај исплатувачот, а се ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот (во земјата и во странство), доколку истите не се документирани;

**3-б) Надоместокот на трошоци за исхрана на вработените кои работат ноќно врем**е, над износите утврдени со Законот за работните односи;

**4. Трошоците по основ на месечните надоместоци на членовите на органите на управување над 50%** од просечната месечна бруто плата исплатена во претходната година во Р Македонија, при што како надоместоци на членови на органите на управување се сметаат месечниот надоместок, односно паушал, надоместоците за патни и дневни трошоци;

**5. Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд** над износот од две просечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година во Р Македонија, на годишно ниво по вработен;

**5-а) Трошоци по основ на уплатени премии за осигурување на живот** над износот од две просечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година во РМакедонија, на годишно ниво по вработен;

**5-б) Трошоци по основ на уплатени премии за доброволно здравствено осигурување** над износот од една просечна месечна бруто плата, исплатена во претходната година во РС Македонија, на годишно ниво по вработен;

**6. Надоместоците за лицата волонтери** според членот 10 став (2) од Законот за волонтерство и за лицата ангажирани за вршење на јавни работи, согласно со членот 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност исплатени над износите утврдени со закон;

**7. Скриените исплати на добивки** како што се: давање на одредени производи и услуги на содружниците или акционерите или на нив поврзани лица по цена пониска од пазарната, вклучувајќи ја и пониската камата на одобрените заеми; плаќање за добиените производи и услуги од содружниците или акционерите или на нив поврзани лица, по цени повисоки од пазарните и овозможување на стекнување на добивки на содружниците или акционерите или на нив поврзани лица;

**(7-а) Кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани** кражба, пожар или други природни непогоди), кои не се на трошок на платата на одговорното лице;

**8. Трошоците направени за репрезентација во висина од 90%;**

**9. Трошоците за донации** направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 5% од вкупниот приход остварен во годината;

**10. Трошоците за спонзорства** направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, **над 3% од вкупниот приход остварен во годината;**

**10-а) Трошоците за донации во спортот,** согласно со членот 30-а од законот за данок на добивка;

**11. Трошоци по основ на камата по кредити** кои не се користат за вршење на дејноста на обврзникот како и износот на каматите по кредити за набавка на патнички автомобили, мебел, теписи, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и украсни предмети;

**12. Осигурителни премии** кои ги плаќа работодавачот во корист на членовите на органите на управување, како и на вработените доколку истите не се одбиваат од плата, освен личното колективно осигурување на работниците за повреди на работа;

**13. Даноците по задршка** (одбивка) исплатени во име на трети лица кои се на товар на трошоците на даночниот обврзник;

**14. Паричните и даночните казни, пеналите и казнените камати** за ненавремена уплата на јавните давачки и на трошоците за присилна наплата;

**15. Стипендии**, освен стипендиите доделени на начин и под услови утврдени со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, кои се оданочуваат според одредбите од точката 10 на овој член, во кои не спаѓаат трошоците за обука и специјализација на вработените заради остварувањето на дејноста на даночниот обврзник, под услов истите да продолжат со работа кај истиот работодавач, во временски период утврден со договор, кој не е пократок од три години сметано од годината на стекнувањето со соодветните знаења;

**16. Трошоците на кало, растур, крш и расипување** над нормираните износи утврдени за соодветната гранка, под услов истите да не се настанати како резултат на вонреден настан или виша сила;

**17. Трајниот отпис на ненаплатените побарувања,** освен трајниот отпис на ненаплатените побарувања по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување;

**18. Трошоците за нето износот на примањата** по основ на деловна успешност, над износот на кој се пресметани придонеси согласно со закон;

**19. Надоместок за практикантска работа,** над износите пропишани согласно со Законот за практиканство;

**20. Надоместок за практична обука на ученици и практична настава на студенти** во висина над 8.000 денари месечно и

**21. Платени лабораториски тестови за COVID-19 за вработени лица** во износ поголем од 50% од просечната месечна бруто плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, на годишно ниво по вработен.

Нормираните износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи утврдени за секоја соодветна гранка за даночни цели ги пропишува министерот за Финансии, со одредбите од Правилникот за нормираните износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи, утврдени за секоја соодветна гранка за даночни цели ("Службен весник на РМ" 174/14).

### *3.2. Сопствени возила и непризнат расход*

Врз основа на одредбите од член 9 став 1 точка 2 алинеја 8 од Законот, **максималниот** даночно признат расход на годишно ниво изнесува **60.000,00 денари**.

Повисоко пресметаните износи на трошоци за користење сопствено возило за цели на работодавачот подлежат на корекција во Образец ДБ - Даночен биланс, доколку обврзникот го пресметува и плаќа данокот на добивка на ДБ.

Пропишаниот надоместок за исплата од 30% од цената на литар гориво по поминат километар е непризнат расход доколку на годишно ниво го надмине износот од 60.000,00 денари по вработен.

Субјектите кои данокот на добивка го пресметуваат и плаќаат на Образец ДБ-ВП, не се подложни на корекција за износот кој го надминува прагот од 60.000,00 денари по вработен на годишно ниво.

Износот од 60.000,00 денари на годишно ниво се однесува на надоместокот за употреба на сопственото возило и не ги вклучува другите трошоци за извршување на службеното патување, како патарини и слични трошоци.

### *4. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕН АВТОМОБИЛ ЗА ПОТРЕБИ НА РАБОТОДАВЕЦОТ*

**“XX” ДОО СКОПЈЕ**
ул.”Александар Македонски” бр.39/2
Скопје

**ПРИЛОГ КОН ПАТЕН НАЛОГ**
*број 150 за месец АПРИЛ 2022 година*

Работник: ____*Трајан Стојковски*____
Место: ____Скопје_____
Сопствено возило ____SK 5546 TT______

| Реден број | Дата | Опис | Поминати кило-метри |
|---|---|---|---|
| 1. | 11.04.2022 | Од седиштето на друштвото до склад Визбегово и назад | 40 |
| 2. | 12.04.2022 | Од седиштето на друштвото до деловен партнер Усје – Скопје и назад | 15 |
| 3. | 14.04.2022 | Од седиштето на друштвото до НБРМ, УЈП, деловен пар-тнер Ѓорче Петров. | 30 |
| ... | ... | ... | ... |
| | | **Вкупно:** | **85** |

**Пресметка:**

Цена на литар бензин х **30%** х поминати километри
**(105,00 х 30%) х 85 = 2.678,00 денари.**

**Пресметал,** **(М.П.)** **Налогодавач,**

_________ ___________

**НАПОМЕНА: Во прилогот кон патниот налог дадени се само неколку примери на релации за локално возење, со сопствен автомобил за службени цели, со цел да се прикаже на кој начин треба да се подготви соодветна документација.**

Цената на литар бензин МБ-98 во месец **АПРИЛ/2022** за периодот на користење на возилото изнесува **105,00 денари**.

***Книжење:***

| | | |
|---|---|---|
| 4411 – Трошоци за користење на сопствен автомобил | 2.678,00 | |
| 102 – Благајна | | 2.678,00 |

***- по пресметка за користење сопствен автомобил;***

***Пример 2: Надомест за користење на сопствен автомобил за службен пат;***

Лице во работен однос кај исплатителот, врз основа на патен налог, заминал на службен пат во земјава во месец Април/2022 година, со сопствен автомобил и поминал 700 километри.

Цената за литар гориво за тој автомобил и во тој период изнесува **105,00 денари**.

За патарина, кон патниот налог, приложува сметка за патарина во износ од **300 денари**. Службеното патување трае 80 часа, односно 3 (три) дена, за што се пресметани три полни дневници.

Во месец Април/2022 година, дневницата за службен пат во земјата изнесувала **2.394,00 денари, а подигнатиот аванс е во висина од 10.000,00 денари**.

**НАПОМЕНА: Во примерот е дадено користење на сопствен автомобил за службен пат во земјата, меѓутоа и при признавањето на надоместот за користење на сопствен автомобил за службено патување во странство, се постапува на идентичен начин.**

***Пресметка:*** *На работникот му се исплатува дневница во износ од* ***7.182,00 денари***.

**3 дневници х 2.394,00 = 7.182,00 денари**

**Надоместот за користење** на сопствен автомобил се пресметува на следниов начин:

**Цена на гориво 105,00 х 30% = 31,50**

**700 км х 31,50 = 22.050,00 денари**

**Трошоци над 3.500,00 денари**

**(22.050,00 – 3.500,00 = 18,550,00 денари )**

**Данок на доход (18.550 х 11,1111% = 2.061,00**

**Трошоците за патарина**, кои се поднесуваат како доказ изнесуваат **300,00 денари**.

**Книжења:**

| | | |
|---|---|---|
| 1433 – Побарувања од вработените за аконтации за службен пат | 10.000,00 | |
| 102 – Благајна | | 10.000,00 |
| ***- исплатен аванс за службен пат;*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 4400 – Дневници за служ бени патувања | 7.182,00 | |
| 440121 – Трошоци за превоз – до 3.500 | 3.500,00 | |
| 440122 – Трошоци за превоз – над 3.500 | 18.550,00 | |
| 440129 – Трошоци за превоз – данок на доход | 2.061,00 | |
| 44744 – Патарини | 300,00 | |
| 1430 – Побарувања од вработените за аконтации за службен пат | | 10.000,00 |
| 2350 – Обврски за данок на доход | | 2.061,00 |
| 2410 – Обврски спрема вработени за службен пат [(**22.050**+ **7.182** + **300**) – **10.000**)] | | 19.532,00 |
| ***- пресметка по патен налог;*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2410 – Обврски кон вработените за аконтации за службен пат | 19.532,00 | |
| 102 – Благајна | | 19.532,00 |
| ***- доплата на надомест на трошоци за службен пат;*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2350 – Обврски за персонален данок | 2.061,00 | |
| 1000 - Трансакциска сметка | | 2.061,00 |
| ***- платен персонален данок, по извод бр.____.*** | | |

***НАПОМЕНА:*** **Согласно член 9 став 2 алинеја 8 од Законот за данокот на добивка, во даночниот биланс трошоците за користење на сопствен автомобил за службени цели за лица во работен однос се оданочуваат во висина од 70% од утврдениот износ (во примерот 18.550,00 х 70% = 12.985,00 денари).**

## *5. ТРОШОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ СОПСТВЕН АВТОМОБИЛ ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ ОД ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ САМОСТОЕН ВРШИТЕЛ НА ДЕЈНОСТ – ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ*

Исплатените трошоци за користење на сопствен автомобил за службени цели од лица вработени кај самостојниот вршител на дејност, се признаваат на товар на расходите во Даночен биланс во висина од 50% од исплатениот износ.

Согласно член 12, став 1, точка 17 од Законот за Данок на личен доход, Данок на доход **не се плаќа** на износот на надоместоците на трошоци за користење сопствен автомобил за потребите на работодавачот во висина **од 30% од цената на литар гориво,** што го користи автомобилот, за секој изминат километар, а најмногу **до 3,500 денари месечно.**

**НАПОМЕНА:Право на користење на надоместок за сопствено возило за службени цели НЕМА вршителот на самостојна дејност (СОПСТВЕНИКОТ).**

**ПРИМЕР:** Вршителот на самостојна дејност "ММ" на вработениот исплатил:

| | |
|---|---|
| **Надомест за користење на соствено возило** | **250.000** |
| **Неоданочив износ** | **3.500** |
| **Разлика за оданочување ( 250.000-3.500)** | **246.500** |
| **Данок на доход (246.500 х 11,1111%)** | **27.389** |
| **Бруто износ за оданочување (246.500 + 27.389)** | **273.889** |
| **Даночно признат расход (273.889 х 50%)** | **136.945** |

## 6. ТРОШОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ СОПСТВЕН АВТОМОБИЛ ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Согласно член 21 од Општиот колективен договор за Јавен сектор, ("Службен весник на РМ" 10/08. 85/09), работникот има право на надомест на трошоците поврзани со работа утврдени со Закон, меѓу кои се и надоместоците за покривање на трошоците за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот во висина од 30% од цената на литар гориво што го користи автомобилот за секој поминат километар со патен налог.

Иако за вработените во јавниот сектор е пропишан надомест за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот, надоместокот не подлежи на оданочување, бидејки во **Законот за Извршување на Буџетот за 2022 ("Службен весник на РСМ" 287/21 година**, истиот не е пропишан.

Согласно овие одредби, за вработените од Јавниот сектор, доколку им се исплати надомест за користење сопствен автомобил за службени потреби, овој надоместок **целосно се оданочува со данок на доход.**

Истовремено, надоместокот и платениот данок на доход, претставуваат непризнат расход во Даночен билас и иститe ке се оданочат со данок на добивка.

## П Р Е Г Л Е Д

### НА РЕЛАЦИИ ЗА КИЛОМЕТРИ ВО СКОПЈЕ

| О П И С | | КИЛОМЕТРИ |
|---|---|---|
| Центар | К.Вода | 7 |
| Центар | Гази Баба | 10 |
| Центар | Пинтија | 9 |
| Центар | Лисиче | 9 |
| Центар | Сарај | 18 |
| Центар | Црниче | 8 |
| Центар | Пржино | 6 |
| Центар | Влае | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| **Центар** | **Козле** | **6** |
| **Центар** | **Маџари** | **12,5** |
| **Центар** | **Тафталиџе** | **5** |
| **Центар** | **Маг.Интеримпекс** | **10** |
| **Центар** | **Маг.Југ** | **8** |
| **Центар** | **Визбегово** | **20** |
| **Центар** | **Нас.Ченто** | **15** |
| **Центар** | **Драчево** | **17,5** |
| **Центар** | **Радишани** | **12,5** |
| **Центар** | **Бутел** | **10** |
| **Центар** | **Аеродром** | **8** |
| **Центар** | **А.Петровец** | **17,5** |
| **Центар** | **Автокоманда** | **11** |
| **Центар** | **Чаир** | **5** |
| **Центар** | **Карпош 3** | **4,5** |
| **Центар** | **Водно** | **4,5** |
| **Центар** | **Капиштец** | **3** |
| **Центар** | **Ѓорче Петров** | **10** |

Користењето на дестинациите од локален карактер се добиваат со збир на релациите од место на тргнување до Центар и Центар до одредишно место.

За секоја дестинација треба да се води евиденција за употреба на возилото за цели на работодавачот, иако се од локален карактер.

Пред употребата на возилото за цели на работодавачот на локални дестинации треба да се води евиденција за износот на состојбата на броилото за бројот на поминати километри пред и по извршувањето на задачата.

**Д О Г О В О Р**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИВАТНО ВОЗИЛО**
**ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ**

Склучен на ден ___________година помеѓу;

1. __________________________________ од Скопје ул "____________" бр._____ со ЕМБГ _____________ од една страна како сопственик на моторно возило кое ќе се користи за цели на работодавачот;

2. ______________________________ од Скопје со ЕМБС__________ со седиште на ул."___" бр.__, застапувано од ___________________ од Скопје со ЕМБГ __________________, од друга страна како корисник на моторното возило.

**Член 1**

Предмет на овој договор е користење на патничко моторно возило марка: __________, тип __________, број на шасија _______, број на моторот: _________, година на производство _________, сила на мотор ___ KW, Работна зафатнина на моторот _______ см $^3$, намена на каросерија ___________, боја на каросерија ___________, со регистарски таблички ___________ (сите податоци од сообраќајна дозвола), за извршување на деловни обврски за потребите на работодавачот.

**Член 2**

Возилото е во сопственост на отстапувачот, кој е во редовен работен однос кај ___________________________и истиот со него може слободно да располага, да го оттуѓува или отстапува на трето лице со или без надомест, во зависност од неговата волја.

**Член 3**

Возилото ќе се користи од страна на вработениот за цели на правниот субјект, и ќе се користи за извршување на службени цели на неопределено време почнувајќи од ________ 2022 година.

**Член 4**

За користењето на возилото е предвиден надоместок во вредност **од 30%** по цена од литар гориво, по поминат километар, согласно евиденција за користење на возилото за цели на работодавачот.

**Член 5**

Договорот е направен во четири еднакви примероци, од кои за секоја договорна странка по два примероци и истиот важи од денот на неговото потпишување.

**Член 6**

Исплатата на надоместокот ќе се врши во рок од првите пет дена од месецот за изминатиот месец, со пребивање на износите на аконтациите, дадени на вработениот при извршувањето на работните задачи поврзани со користењето на сопственото возило.

**Член 7**

За се што не е предвидено со овој договор, важат одредбите на Законот за облигациони односи и другите позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

**Член 8**

Во случај на спор двете договорни страни ќе се обидат спогодбено да го решат, во спротивно надлежен е Основниот Граѓански суд Скопје во Скопје.

Скопје __________2022 година

**Отстапувач:** **Корисник:**

______________ ______________

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

*дипл.економист Јулија Минковска*

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДЕТСКИ ДОДАТОК

***Правата за остварување на детски додаток и другите облици за заштита на децата во Република Македонија се.остваруваат согласно Законот за Заштита на децата, ("Службен весник на РСМ" 23/13...275/19, 311/20, 294/21).***

### *ВОВЕД*

Заштитата на децата е организирана дејност, заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика.

Заштитата на децата се остварува со обезбедување услови и животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата.

Заштитата на децата, се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици на заштита на децата, односно правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразуваење, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.

Државата го обезбедува правото на детето да го изрази сопственото мислење за сите прашања кои се однесуваат на него и на мислењето на детето да му биде посветено должно внимание во согласност со годините на живот и зрелоста на детето. Изразувањето на детето може да биде непосредно или преку застапник или соодветен орган на начин и во согласност со утврдена процедура и закон.

## *1. ПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА*

Согласно член 6 од Законот за заштита на децата (***во продолжение ЗЗД),*** правата за заштита на децата се остварува преку обезбедување на определени права и облици и тоа преку:

**1) Детски додаток;**

**2) Посебен додаток;**

**3) Еднократна парична помош за новороденче;**

**4) Родителски додаток за дете;**

**5 Додаток за образование;**

**6) Партиципација.**

Овие права под услови утврдени со законот ги обезбедува државата.

Поголем обем на правата може да обезбеди општината, општината во градот Скопје и градот Скопје, доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори.

Начинот и поблиските критериуми за остварување на правата за заштита на децата, ги утврдува советот на општината, советот на општината во градот Скопје и Советот на градот Скопје.

### *1.1. Детски додаток*

Согласно член 22 од Законот за заштита на децата ***(во продолжение ЗЗД***), право на детски додаток се обезбедува на дете државјанин на РС Македонија, кое живее во домаќинство со постојано место на живеење во РСМ и ***доколку домаќинството не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува***.

Право на детски додаток се обезбедува и на дете од домаќинство кое остварило, ***односно користи право на гарантирана минимална помош, согласно со Законот за социјалната заштита.***

Право на детски додаток може да оствари ***еден од родителите на детето, старателот или лицето*** на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа детето му е доверено на чување и воспитание под услови утврдени со Законот.

Корисникот на правото на детски додаток треба да биде државјанин на РСМ, со постојано место на живеење во РСМ.

**Странски државјанин** кој има живеалиште и регулиран постојан престој во РСМ согласно со закон, **може да оствари право на детски додаток** за дете, согласно со законот и меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на РСМ.

### 1.1.1. Остварување на правото на детски додаток

Согласно член 24 од ЗЗД, правото на детски **додаток се остварува во зависност од материјалната состојба** на домаќинството.

**НАПОМЕНА: Правото на детски додаток се обезбедува на дете до наполнување на 18 години живот**.

**Право на детски додаток има дете во семејство чии вкупни просечни месечни приходи остварени во последните три месеци** пред поднесување на барањето и во текот на користењето на правото по сите основи на сите членови во домаќинството **се во висина до прагот за пристап на правото на детски додаток** согласно ЗЗД.

За вкупни просечни месечни приходи на сите членови на домаќинството се сметаат:

***1. Доход од работа; Пензија остварена во РСМ; 3. Доход од самостојна дејност; 4. Доход од авторски и сродни права; 5. Доход од продажба на сопствени земјоделски производи; 6. Доход од права***

*од индустриска сопственост; 7. Доход од закуп и подзакуп; 8. Доход од капитал; 9. Капитални добивки; 10. Добивки од игри на среќа; 11. Доход од осигурување; 12. Друг доход; 13. Право на социјална сигурност на старите лица; 14. Паричен надоместок по основ на невработеност; 15. Воена инвалиднина; 16. Цивилна инвалиднина; 17. Законска издршка; 18. Родителски додаток за дете; 19. Финансиска поддршка од областа на земјоделството и руралниот развој; 20. Траен надоместок; 21. Надоместок на плата за скратено работно време, и 22. Додаток за образование на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа.*

**Право на детски додаток НЕ МОЖЕ ДА СЕ ОСТВАРИ за дете, ако домаќинството поседува:**

*1. Друга семејна куќа или стан во која не живее или не ја користи за живеење; 2. Стан или куќа во градба; 3. Деловен простор; 4. Заштеди/штеден влог во вредност над 70.000 денари 5. Хартии од вредност и 6. Градежно земјиште, освен земјиштето на кое се наоѓа објектот каде корисникот живее.*

**Како приход, при остварување и користење на правото на детски додаток, НЕ СЕ СМЕТА:**

*1. Надоместок за помош и нега од друго лице; 2. Надоместок заради попреченост; 3. Додаток за домување; 4. Еднократна парична помош; 5. Паричен надоместок за трошоците за сместено лице и надоместок за згрижување на лице во згрижувачко семејство; 6. Еднократна парична помош за новороденче; 7. Посебен додаток; 8. Гарантирана минимална помош; 9. Додаток за образование (за основно и/или средно образование); 10. Надоместок за попишувач за изршување на работи во врска со спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија на членовите на домаќинството; 11. Паричен надоместок што се исплаќа во рамки на ИПА проект, финансиран од Европска унија и спроведен во Министерството за труд и социјална политика;*

*12. Приход по основ на работно ангажирање за општинско корисна работа, согласно програма од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување;*

***13. Надоместок за посета на обука, остварен согласно програми/мерки од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување; 14. Стипендија; 15. Приход по основ на работно ангажирање за извршување на јавни работи, сезонски работи и други повремени работи согласно Законот за работните односи; 16. Донации во согласност со Законот за донации; 17. Надоместок за практична обука на ученици и практична настава на студенти; 18. Надомест за практикантска работа согласно Законот за практиканство; 19. Надоместок за волонтери согласно Законот за волонтерство; 20. Финансиска помош која се користи за лекување во земјата или во странство; 21. Надо-месток кој произлегува од активности поврзани со безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија. 22. Пријавени или остварените нето приходи од доход од продажба на сопствени земјоделски производи на сите членови на домаќинството во висина до 300.000 денари, а над овој износ, во висина од 80% од остварениот доход во последните 12 месеци; 23. Пријавени или остварените нето приходи од друг доход на сите членови на домаќинството, во висина до 30.000 денари во последните 12 месеци и 24. Законска издршка за дете во висина до 6.000 денари.***

Согласно член 26 од ЗЗД, детски додаток следува за децата кои родителот ги издржува и тоа ***за деца родени во брак или вон брак, посвоени деца***, како и за внуци, браќа, сестри и за други деца земени на издржување.

За децата земени на издржување, детски додаток следува и кога тие имаат родители, ако:

- ✓ **Родителите им се наполно или трајно неспособни за работа,**
- ✓ **Се на издржување казна затвор и**
- ✓ **Им е одземено родителското право.**

Детскиот додаток следува во случај кога и родителите и децата **немаат имот или приходи** од кои децата можат да се издржуваат.

Детски додаток следува и за дете кое е без родителска грижа, а е сместено во згрижувачко семејство.

### 1.1.2. Користење на правото на детски додаток

Согласно член 27 од ЗЗД право на детски ***додаток има дете во семејство чии вкупни просечни месечни приходи остварени во последните три месеци*** пред поднесување на барањето и во текот на користењето на правото по сите основи на сите членови во домаќинството се во висина до прагот за пристап на правото на детски додаток, **кој е поставен на 6.800,00** денари, а кој се зголемува за секој член на домаќинството за коефициент од еквивалентната скала, а најмногу за вкупно осум члена во домаќинството и тоа за:

- **Вториот член за коефициент од 0,5;**
- **Третиот член за коефициент од 0,4;**
- **Четвртиот член за коефициент од 0,4;**
- **Петтиот член за коефициент од 0,2;**
- **Шестиот член за коефициент од 0,1;**
- **Седмиот член за коефициент од 0,1 и**
- **Осмиот член за коефициент од 0,1.**

Еквивалентната скала се зголемува дополнително ***за коефициент од 1,2 за самохран родител.***

**ПРИМЕР**:

- ✓ **за трачлено домаќинство** вкупните просечни месечни **приходи остварени во последните три месеци пред поднесување на барањето и во текот на користењето на правото по сите основи на сите членови во домаќинството не смеат да го надминат износот од 12.920 денари,**
- ✓ **за четиричлено домаќинство 15.640 денари,**
- ✓ **за петчлено домаќинство 17.000 денари,**
- ✓ **за шестчлено домаќинство 17.680 денари,**
- ✓ **за седумчлено 18.360 денари,**
- ✓ **а за осумчлено 19.040,00 денари.**

**Кај трачлено домаќинство** со еден самохран родител прагот за пристап изнесува **21.080 денари,**

**Кај петочлено домаќинство** со еден самохран родител прагот за пристап изнесува **25,160 денари.**

При утврдување на висината на прагот за пристап на правото на детски додаток, за член на домаќинство или семејство, **не се смета лице кое е:**

- ✓ **На издржување казна затвор подолго од 30 дена,**
- ✓ **Со решение на центарот за социјална работа е сместено во установа за вонсемејна социјална заштита или е сместено во здравствена или друга установа за период додека трае сместувањето и**
- ✓ **Сторител на семејно насилство.**

Приходите и имотот на лицето сторител на семејно насилство, ***не се засметуваат при остварување на правото на детски додаток.***

Кога на домаќинството ќе му престане правото на гарантирана минимална помош согласно со Законот за социјалната заштита, центарот за социјална работа по службена должност преиспитува дали се исполнети условите ***за продолжување на користење на правото на детски додаток.***

**Домаќинство е едночлено домаќинство или заедница на членови** на семејството, како и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички живеат, придонесуваат, стопанисуваат и трошат.

**Семејство** го сочинуваат брачните, односно вонбрачните другари, самохран родител, децата родени во брак, вон брак или посвоени, посиноци, внуци без родители земени на издржување и малолетни браќа и сестри (***доколку немаат родители и се без средства за егзистенција***), кои сочинуваат заедница на живеење, стопанисување и трошење.

**За самохран родител на дете за кое се** остварува право на детски додаток и/или право на додаток за образование, во смисла на законот, се смета родител на:

- **Дете кое го издржува, ако другиот родител е починат,**
- **Дете кое по смртта на еден родител остварило право на семејна пензија, а другиот родител е во работен однос,**
- **Дете кое по смртта на еден родител остварило право на семејна пензија, а другиот родител не е во работен однос,**

- **Дете од разведен брак ако родителот кај кого детето живее не живее во брачна, односно вонбрачна заедница,**
- **Дете на кое едниот родител е непознат и**
- **Дете на кое едниот родител се води за исчезнат.**

Согласно член 30 детски додаток **НЕ СЛЕДУВА, за** :

- ✓ **Дете сместено во установа за социјална заштита или друга установа со решение на Центарот за социјална работа**
- ✓ **Дете државјанин на РСМ за кое родителот остварил право на детски додаток согласно со прописите на друга држава**.
- ✓

### 1.1.3. Висина на на детски додаток

Согласно член 31 од ЗЗД, висината на детскиот додаток **зависи од бројот на децата во семејството** и возраста на децата.

Доколку во семејството има дете на училишна возраст согласно со закон, висината на детскиот додаток за

**Едно дете изнесува 1.000,00 денари месечно, а за две и повеќе деца во семејството изнесува 1.600,00 денари месечно за сите деца.**

Дококу во семејството има дете кое не е на училишна возраст согласно со закон, висината на детскиот додаток за едно дете **изнесува 1.200,00 денари месечно**, а за две и повеќе деца **изнесува 1.900,00 денари месечно за сите деца.**

Доколку во семејството има две и повеќе деца, кои не се сите на училишна возраст, висината на детскиот додаток за сите деца **изнесува 1.600,00 денари месечно**.

Висината на детскиот додаток се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на детскиот додаток.

### *1.2. Посебен додаток*

Согласно член 32 од ЗЗД, ***за дете со пореченост*** до 26 години живот ***се обезбедува посебен додаток како паричен надоместок.***

Согласно член 33 од ЗЗД наод, и мислење за потребата од остварување на посебен додаток се дава од Службата за функционална проценка, согласно со Законот за социјална заштита.

Дете со попреченост, е дете со:

- ✓ **Пречки во телесниот развој (*тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој*),**
- ✓ **Интелектуална попреченост (*умерена, тешка и длабока*),**
- ✓ **Најтешки облици на хронични заболувања со присутни оштетувања и лимитирани активности,**

**Најтежок степен на оштетување**

- ✓ **Оштетен вид (слепо и практично слепи лица),**
- ✓ **Оштетен слух (практично глуво и тотално глуво),**
- ✓ **Потполно отсуство на говорот, тешко оштетен говор, лице со изгубен или оштетен порано стекнат говор,**
- ✓ **Аутизам и**
- ✓ **Повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот.**

За дете со попреченост, се остварува право на здравствено осигурување, согласно со прописите од областа на здравственото осигурување.

#### 1.2.1. Право на посебен додаток на дете

Согласно член 34 од ЗЗД, право на посебен додаток има еден од родителите на детето, старател или лице на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејството со него, со постојано место на живеење во РСМ, ако е детето државјанин на РСМ со постојано место на живеење во РСМ **до навршени 26 години** живот, доколку не е сместено во установа за вонсемејна социјална заштита или друга установа со решение на центарот за социјална ра-

бота, освен во ученички дом или друга установа доколку детето треба да го продолжи задолжителното образо-вание.

Право на посебен додаток има и лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, кое има дете со попреченост, под услови утврдени со законот.

### 1.2.2. Висина на посебен додаток на дете

Согласно член 35 од ЗЗД, **висината на посебниот додаток изнесува: 5.021,00 денари.**

**Износот на Посебниот додаток се зголемува за 50% и изнесува 7.531,00 денари за самохран родител, кој има дете со попреченост до 26 години живот.**

Износот на посебниот додаток **се зголемува за 25% и изнесува 6.276,00 денари** за материјално необезбедени родители, кои се корисници на **ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ,** кои имаат дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот **до 26 години живот.**

Износите за висината на детскиот додаток се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година објавена од Државен завод за статиситкиа, но во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на посебниот додаток.

Согласно член 35-а од ЗЗД, ***за самохран родител на дете за кое се остварува право на посебен додаток,*** во смисла на законот, се смета родител на:

- ✓ **Дете кое го издржува, ако другиот родител е починат,**
- ✓ **Дете кое по смртта на еден родител остварило право на семејна пензија, а другиот родител е во работен однос,**
- ✓ **Дете кое по смртта на еден родител остварило право на семејна пензија, а другиот родител не е во работен однос,**
- ✓ **Дете од разведен брак, ако родителот кај кого детето живее не живее во брачна, односно вонбрачна заедница,**
- ✓ **Дете на кое едниот родител е непознат и**
- ✓ **Дете на кое едниот родител се води за исчезнат**.

### *1.3. Еднократна парична помош за новороденче*

**Согласно член 36 од ЗЗД,** еднократна парична помош за новороденче ***се обезбедува на семејство за прво и второ новородено дете.***

***За прво и второ новородено дете*** се смета дете кое е прво и второ живородено дете по ред на раѓање на мајката, кој редослед се утврдува на ист начин кога мајката ќе роди повеќе деца одеднаш.

***За прво и второ новородено дете, ќе се сметаат и посвоените деца***, на возраст до една година, доколку мајката нема новородено дете.

Согласно член 37 од ЗЗД, право на еднократна парична помош за новороденче родено на територијата на РСМ има еден од родителите, државјанин на РСМ, со постојано место на живеење од **најмалку 12 месеци** непрекинато на територија на РСМ до денот на раѓањето на детето.

**Висината на еднократната парична помош за прво новороденче изнесува 5.000,00 денари.**

**Висината на еднократната парична помош за второ новороденче изнесува 20.000,00 денари.**

Висината на еднократната парична помош, се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на еднократната парична помош.

### *1.4. Родителски додаток за дете*

Согласно член 38 од ЗЗД, родителски додаток за дете ***остварува мајка за своето ТРЕТО живородено дете***.

Правото за родителски додаток го остварува мајка која е државјанин на РСМ, со постојано место на живеење во РСМ, ***последните три години пред поднесување на барањето***.

Правото се остварува доколку ***вкупниот просечен приход на семејството на мајката по сите основи, во последните три месеци пред поднесување на барањето*** за остварување на користењето на правото и во текот на користењето на правото ***е ПОНИЗОК од висината на минималната нето плата утврдена за претходната година.***

Правото го остварува мајка која непосредно се грижи за детето за кое поднела ***БАРАЊЕ***, чии деца од претходниот ред на раќање не се сместени во установа за социјална заштита, згрижувачко семејство или не се дадени на посвојување и на која не и е одземено родителското парво над децата од претходниот ред на раѓање.

***Правото не може да се оствари*** ако мајката за време на бременоста не вршела здравствени прегледи и контроли кај избран лекар-специјалист по гинекологија и акушерство.

***Правото не може да се оствари***, односно ќе го изгуби веќе оствареното право, доколку:

- ✓ **Не се вршат задолжителните вакцинации на детето согласно со закон;**
- ✓ **Детето не биде запишано и редовно не ја следи наставата во основно училиште согласно со закон.**

По исклучок од претходниот став, ***правото на родителски додаток, се остварува и за детето:***

- ✓ **Кое поради болест или повреда е спречено редовно да ја посетува наставата и заради таквата спреченост вонредно го продолжува образованието согласно со закон и**
- ✓ **Кое поради степенот на попреченоста не може да се образува согласно со закон.**

Правото за родителски додаток, **не може да се оствари** ако мајката во моментот на поднесувањето на барањето живее и работи во странство.

**Правото за родителски додаток, во случај мајката:**

- ✓ **Да не е жива,**
- ✓ **Да го напуштила детето, или од**

- ✓ **Оправдани причини да е спречена непосредно да се грижи за детето**,

***правото наместо мајката може да го оствари таткото или старателот***, доколку ги исполнува сите претходни услови.

***Оправдани причини се:***

- ✓ **Подолготрејно континуирано болничко лекување на мајката,**
- ✓ **Сериозно нарушена здравствена состојба на мајката,**
- ✓ **Студиски престој, усовршување и специјализација на мајката и**
- ✓ **Одземена деловна способност на мајката.**

**НАПОМЕНА: Родителскиот додаток за трето дете се исплатува месечно, за период од десет години, во висина од 8.048,00 денари.**

Овој износот се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на родителски додаток за трето дете.

### *1.5. Додаток за образование*

Согласно член 39-б од ЗЗД, додатокот за образование се обезбедува заради покривање на дел од трошоците на домаќинството поврзани со образованието на децата.

***Право на додаток за образование има домаќинство со дете кое е на редовно школување*** во **основно или средно** образование во училишта во РСМ- верификувани од Министерството за образование и наука и запишани во Централниот регистар на РСМ и во регистарот на Министерството за образование и наука, ***чии вкупни просечни месечни приходи остварени во последните три месеци*** пред поднесување на барањето и во

текот на користењето на правото по сите основи на сите членови во домаќинството се во висина до прагот за пристап на правото на додаток за образование, ***кој е поставен на 6.000,00 денари***, а кој се зголемува за секој член на домаќинството за коефициент од еквивалентната скала, а најмногу за вкупно осум члена во домаќинството и тоа за:

- **Вториот член за коефициент од 0,5,**
- **Третиот член за коефициент од 0,4,**
- **Четвртиот член за коефициент од 0,4,**
- **Петтиот член за коефициент од 0,2,**
- **Шестиот член за коефициент од 0,1,**
- **Седмиот член за коефициент од 0,1 и**
- **Осмиот член за коефициент од 0,1.**

Еквивалентната скала, ***се зголемува дополнително за коефициент од 1,2*** за самохран родител.

При утврдување на висината на прагот за пристап на правото на додаток за образование, за член на домаќинство или семејство, **не се смета лице кое е:**

- **На издржување казна затвор подолго од 30 дена,**
- **Со решение на центарот за социјална работа е сместено во установа за вонсемејна социјална заштита или е сместено во здравствена или друга установа за период додека трае сместувањето и**
- **Сторител на семејно насилство.**

Приходите и имотот на лицето сторител на семејно насилство, не се засметуваат при остварување на правото на додаток за образование.

***Право на додаток за образование има и домаќинство*** со дете кое е на редовно школување **во основно или средно образование** во училишта во РСМ, верификувани од Министерството за образование и наука и запишани во Централниот регистар на РСМ и регистарот на Министерството за образование и наука***, кое остварило право на гарантирана минимална помош, согласно со Законот за социјалната заштита.***

*1.5.1. Исплата на додаток за образование*

Согласно член 39-в од ЗЗД, ***исплатата на додатокот за образование*** се врши на мајката, за чие дете/деца се исплатува додатокот за образование за тековната наставна година.

Доколку на мајката од оправдани причини ***не може да и се исплати*** додатокот за образование, исплатата се врши на таткото за чие дете/деца се исплатува додатокот за образование.

***Оправдани причини се кога мајката:***

- ✓ **не е жива,**
- ✓ **го напуштила детето е на издржување казна затвор,**
- ✓ **е на континуирано болничко лекување, повеќе од три месеци,**
- ✓ **е со сериозно нарушена здравствена состојба,**
- ✓ **е со одземена деловна способност.**

Исплата на додатокот за образование се врши и на старателот кој се грижи за издржувањето на детето, како и на лице на кое со решение на надлежен центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него.

Право на додаток за образование **има** и старател на дете без родители и без родителска грижа, кое не е сместено во установа за вонсемејна социјална заштита.

Висината на додатокот за образование ***изнесува 700,00 денари месечно*** за ученик во ***Основно*** образование и ***1.000,00 денари месечно за ученик во Средно образование во текот на учебната година.***

***Висината на додатокот за образование, се усо-гласува*** со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јан-уари за тековната година.

Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на додатокот за образование.

*1.5.2. Остварување на правото на додаток за образование*

Согласно член 39-ѓ од Законот, правото на додаток за образование, се остварува **доколку детето е запишано** како **редовен ученик во основно или средно училиште.**

Правото на додаток на образование, се користи за дете кое:

- ✓ Присуствува **на најмалку 85%** од вкупниот број на реализирани наставни часови и
- ✓ Не користело додаток за образование за истата учебна година.

По исклучок, во услови на вонредни околности (***утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди),*** нема да се врши проверка на исполнетоста на условот за присуство на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани наставни часови за секој од мерните периоди од членот 39-е од ЗАКОНОТ.

***Правото на додаток за образование престанува да се користи кога:***

- ✓ **Детето повеќе не е на средношколска возраст, согласно со закон,**
- ✓ **Детето го прекинало посетувањето на училиштето,**
- ✓ **Правото е остварено врз основа на невистинити или нецелосни податоци и**
- ✓ **Корисникот на додатокот за образование поднесе барање за престанок на правото на додаток за образование.**

Правото на додаток за образование, престанува да се користи од наредниот мерен период.

Кога на домаќинството ќе му престане правото на гарантирана минимална помош, центарот за социјална работа по службена должност преиспитува дали се исполнети услови за продолжување на правотото на додаток за образование.

### *1.5.3. Услов за исплата на додаток за образование*

Согласно член 39-е од ЗЗД, исплатата на додатокот за образование се врши се додека **детето го исполнува условот за присуство на најмалку 85%** од вкупниот број на реализирани наставни часови за секој од мерните периоди, предвидени со законот.

Проверката на исполнетост на условот за исплата на додатокот за образование, се врши за секој од следниве мерни периоди:

- ✓ **Прв мерен период** од **1 септември до 31 октомври** во тековната календарска година,
- ✓ **Втор мерен период** од **1 ноември до 31 декември** во тековната календарска година,
- ✓ **Трет мерен период** од **20 јануари до 31 март** во наредната календарска година и
- ✓ **Четврт мерен период** од **1 април до крајот на наставната година.**

Исплатата на додатокот за образование, се врши во следниве мерни периоди за исплата

- ✓ **За првиот мерен период** во текот на месец декември во тековната календарска година,
- ✓ **За вториот мерен период** во текот на месец февруари во наредната календарска година,
- ✓ **За третиот мерен период** во текот на месец мај во тековната календарска година и
- ✓ **За четвртиот мерен период** во текот на месец јули во тековната календарска година.

**Годишниот износ на додатокот за образование за основно образование** во учебна година по дете **изнесува 8.400,00** денари, а за средно образование во учебна година по дете изнесува **12.000,00 денари.**

Исплатата на додатокот за образование ***се врши во четири еднакви износи од по 2.100,00 денари*** на корисникот на правото на додаток за образование за дете во основно образование, а од по **3.000,00 денари** на корисникот на правото на

додатокот за образование за дете во средно образование, по завршување на секој од мерните периоди, утврдени со законот.

Висината на додатокот за образование се усогласува со порастот на трошоците за живот за претходната година објавени од ДЗС.

Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година **не се врши усогласување** на висината на додатокот за образование.

Во случај ако има позитивно решени жалби и задоцнето известување од страна на училиштата, **исплатата се врши до 31 октомври во тековната календарска година за претходната наставна година.**

### *1.5.4. Додаток за образование на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа*

#### 1.5.4.1. Додаток за образование на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа – РЕДОВЕН УЧЕНИК

Согласно член 39-з од ЗЗД, лице, кое до својата 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, а е редовен ученик во средно училиште има право на додаток за образование.

***Висината на додатокот за образование за лицето изнесува 1.600,00 денари*** месечно, доколку лицето користи гарантирана минимална помош, односно ***5.600,00 денари*** месечно доколку лицето не користи гарантирана минимална помош и ако лицето нема приходи и имот од кој може да се издржува.

Висината на додатокот за образование со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на додатокот за образование.

**1.5.5. Додаток за образование на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете бесз родители и родителска грижа – РЕДОВЕН СТУДЕНТ**

Согласно член 39-ѕ од ЗЗД, правото на додаток за образование има и лице кое до својата 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, а кое е запишано како редовен студент на некој од јавните високо образовни универзитети во РСМ, за секоја редовна студиска година, **најдоцна до 26 годишна возраст.**

Лицето кое ќе се запише на втор циклус магистерски студии има право на додаток за образование за времетраењето на магистерските студии на јавните високообразовни установи во РСМ, **но најмногу до три години од денот** на запишувањето

На лицето, додатокот за образование му престанува доколку ја презапише студиската година, односно се запише на иста студиска година на друга јавна високообразовна установа.

Правото може повторно да се оствари со запишување на следната студиска година на ист циклус на студии.

Лице кое ќе се запише на трет циклус докторски студии има право на додаток за образование за времетраењето на докторските студии на јавните високообразовни установи во РСМ, но најмногу до шест години од денот на запишувањето.

Лицето од ставовите кое ке се запише на трет циклус докторски студии на овој член, еднаш годишно до центарот за социјална работа доставува потврда за редовно запишување на студиската година и извршување на обврските од магистерките и докторските студии, согласно со статутот на јавната високообразовна установа, а најдоцна еден месец по почетокот на студиската година.

Висината на додаток за образование изнесува **12.000,00 денари месечно** ако лицето користи социјален стан под закуп, односно **24.000,00 денари месечно**, ако лицето не користи социјален стан под закуп.

Висината на додаток за образование се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на додатокот за образование.

*1.6. Партиципација*

Согласно член 40 од Законот, во зависност од материјалната состојба на семејството се обезбедува партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во јавна установа за деца.

Правото на партиципација се остварува за дете на кое материјалната состојба на семејството е нарушена поради претрпена природна непогода (***пожар, поплава, земјотрес и друго).***

Партиципацијата се обезбедува во цената на услугата по дете што ја плаќа родителот, а се обезбедува од Буџетот на РСМ.

Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се обезбедува за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – **детска градинка**.

Родителот на детето за кое се остварува правото на партиципација треба да е државјанин на РСМ со постојано место на живеење **од најмалку 12 месеци непрекинато** на територија на РСМ, до денот на поднесување на барањето.

Висината на правото на партиципација е еднаква на цената на услугата во јавната установа за деца што ја плаќа родителот.

Партиципацијата се обезбедува од Буџетот на општината и општината на градот Скопје, на чие подрачје е седиштето на установата.

## *2. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА*

### *2.1. Поднесување на барање за остварување на право за детски додаток*

Согласно член 41 од Законот постапката за остварување на правото за заштита на деца се поведува по поднесено ***БАРАЊЕ на родителот, односно старателот на детето.***

Барањето за остварување на правото за заштита на децата, **освен за правото на партиципација**, со комплетна потребна документација во прилог **се поднесува** до Центарот

за социјална работа, надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеалиште, а за еднократна парична помош за новороденче и за родителски додаток за дете до Центарот надлежен за подрачјето на кое мајката има постојано место на живеење.

Центарот за социјална работа ќе ги користи личните податоци на подносителот за потребите на постапката, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Документацијата ***(уверенијата, потврдите и друго)*** за факти за кои органот на државната управа или друг субјект надлежен за решавање води службена евиденција, ке се смета дека подносителот на барањето ја има поднесено со барањето, доколку надлежниот центар за социјална работа може да ја прибави по службена должност.

Податоците за фактите, како и соодветна документација за кои службена евиденција води центарот за социјална работа, службеното лице кое ја води постапката ги обезбедува по службена должност и се смета дека подносителот на барањето ги има поднесено со барањето.

Овластеното службено лице од Центарот за социјална работа, кое ја води постапката, е должно во рок од три дена од денот на приемот на **БАРАЊЕТО** за остварување на право за заштита на децата, по службена должност да побара документација за која субјектот води службена евиденција.

Овластеното службено лице од кој е побарана документацијата е должно да ја достави бараната документација во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Начинот на прибавувањето и размената на личните податоци на подносителот на барањето, а кои се потребни во постапката за решавање на барањето, се врши во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација за остварување на правото ги пропишува министерот, кој раководи со органот на државната управа, надлежен за заштита на децата.

**Исплатата на детскиот додаток, посебниот додаток и/или додатокот за образование за дете, кое е без родителска грижа, а е сместено во згрижувачко семејство врз основа на склучен договор меѓу Центарот за социјална работа и згрижувачот, се врши на згрижувачот.**

Согласно член 42 од Законот, по **БАРАЊЕ** за остварување на правото за заштита на децата, освен за правото па **ПАРТИЦИПАЦИЈА**, решава центарот за социјална работа надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеалиште, односно престојувалиште **во рок од 60 дена** од денот на приемот на барањето, за еднократна парична помош за новороденче решава центарот надлежен за подрачјето на кое мајката има живеалиште односно престојувалиште **во рок од 30 дена** од денот на приемот на барањето, за родителски додаток за дете решава центарот надлежен за подрачјето на кое мајката има постојано место на живеење **во рок од 60 дена** од денот на приемот на барањето, за додатокот за образование решава центарот за социјална работа надлежен за подрачјето на кое мајката има живеалиште односно престојувалиште **во рок од 30 дена** од денот на приемот на барањето, а за додаток на образование на лице кое **до својата 18 годишна возраст** имало статус на дете без родители и родителска грижа, решава центарот надлежен за подрачјето на кое лицето има живеалиште односно престојувалиште, **во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето**

По жалба против решението на Центарот за социјална работа, решава Министерот за труд и социјална политика.

Центарот за социјална работа **издава потврда** или уверение за статусот на корисникот на правата за заштита на децата согласно со службената евиденција, **во рок од десет дена од денот на поднесувањето на барањето.**

Министерството може да издаде потврда или уверение како електронски документ од системот за евиденција на податоци за социјална заштита со кој управува, потврден со електронскиот печат, согласно со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и Законот за електронско управување и електронски услуги.

Потврдата или уверението издадена согласно законот, имаат иста правна и доказна сила како нивната писмена форма.

По барање на центарот за социјална работа правните и физичките лица се должни да дадат податоци што претставуваат доказ за остварување на правата на децата, утврдени со законот.

Остварувањето на едно од правата за заштита на децата, не го исклучува користењето на друго право, согласно со законот.

Поднесувачот на барањето е одговорен за вистинитоста на податоците во барањето.

Во постапката за остварување на правата за заштита на деца од членот 41 од Законот се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со законот поинаку не е определено.

### *2.2. Остварување на правото на заштита на децата*

Согласно член 48 од Законот правото за заштита на деца **се остварува од првиот ден** на наредниот месец по поднесувањето на барањето, о**свен за еднократна парична помош за новороденче и за родителски додаток за дете**.

Правото за детски додаток и правото на посебен додаток се признава за една година, согласно со одредбите утвдени во законот.

**Барањето за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче,** со потребната документација **се поднесува** до надлежниот Центар за социјална работа, **најдоцна до наполнети три месеца живот на детето**, а за посвоено дете најдоцна **до три месеца** од заведувањето на посвоеното дете во книгата на родените.

**Барањето за остварување на правото на родителски додаток за дете** со потребната документација се поднесува до надлежниот центар за социјална работа, најдоцна до наполнети три месеци живот на детето и правото на родителски додаток за дете се остварува од месецот во кој настанало раѓањето на детето.

Редоследот на раѓањата на децата кај правото на родителски додаток за дете се утвдува спрема бројот на живи деца на мајката утврдени во однос на денот на поднесувањето на барањето за остварување на правото на родителски додаток за дете спрема датата и часот на раѓањата запишани во матичната книга на родените, кој редослед се утврдува на ист начин и во случаите кога мајка ќе роди повеќе деца одеднаш.

**Барањето за продолжување на правото на детски додаток, посебен додаток и родителски додаток за дете за наредната година, се поднесува до 31 март во таа година.**

Доколку Барањето за продолжување на правото на детски додаток, посебен додаток и родителски додаток за дете е поднесено после утврдениот рок, барателот ќе се стекне со продолжување, односно користење на правото првиот ден на наредниот месец, од месецот во кој е поднесено барањето за продолжување на правото.

***НАПОМЕНА:*** **Корисникот на правото за детски додаток посебен додаток и родителски додаток е должен надлежниот центар за социјална работа да го извести за секоја промена на фактите и околностите кои биле основа за признавање на правото за заштита на децата, најдоцна во рок од 15 дена од денот кога настанале тие промени.**

### *2.3. Враќање на исплатени средства*

Согласно член 50 од Законот, доколку правото е отворено и исплатено спротивно на одредбите на законот, **применоот износ корисникот е должен да го врати согласно со Законот.**

Корисникот, кој со решение на центарот или решение на јавна установа за деца остварил право на:

***Детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток е должен да ги врати применитe средства и да ја надомести штетата ако:***

- **Врз основа на нецелосен или неточни податоци**, за: кои знаел или морал да знае дека се нецелосни или не точни, односно на друг противправен начин остварил право од заштита на децата на кое немал право според одредбите на законот или правото го остварил во повисок износ што му следувал за конкретното право согласно со законот и
- ***Правото од заштита на деца го остварил поради:*** тоа што без оправдани причини не пријавил промена која влијае на престанокот или висината на правото, а знаел или морал да знае за таа промена.

***НАПОМЕНА:*** **Барањето за враќање на износот на исплатените средства и барањето за надомест на штета, застарува со истекот на роковите предвидени во Законот за облигациони односи.**

Роковите на застареност за барање за враќање на износот на исплатените средства и за барањето за надомсет на штата, согласно со законот почнуваат да течат од:

- ✓ ***денот кој е утврден со конечното решение, дека корисникот го стекнал правото на заштита на деца на против правен начин.***

Центарот, односно јавната установа за деца, кога ќе утврди дека корисникот остварил право за заштита на деца иако не ги исполнувал условите ќе донесе решение со кое на корисникот ќе му престане правото од заштита на деца.

Кога решението на центарот, односно на јавната установа, со кое на корисникот му престанува **правото од заштита на деца, ќе стане конечно**, центарот, односно установата, ќе го повика корисникот на правото од заштита на деца да се спогодат за износот, начинот и рокот за враќање на примените средства, како и за висината на причинетата штета, која тој треба да ја надомести.

Ако корисниот на правото и центарот не се спогодат, центарот ке поднесе тужба до надлежниот суд за враќање на примените средства и право на надомест на штета.

**За дете што стапило во брак престанува правото на користење на детски додаток, со првиот ден на наредниот месец од месецот на стапување во брак.**

Надлежниот центар за социјална работа **е должен најдоцна до 5-ти во месецот да достави** до Министерството извештај за користењето на средствата за последниот месец и барање за потребните средства за исплата на правата **на:**

*** Детски додаток,***
*** Посебен додаток;**
*** Еднократна парична помош за новороденче;**
*** Родителски додаток за дете;**
*** Додаток за образование и**
*** Партиципација.**

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*М-р. Христина Игнатоска*

## *ДОГОВОР ЗА ФРАНШИЗА*

***Франшизата претставува континуирана соработка помеѓу продавачот на франшизата (франшизерот) и купувачот на франшизата (франшизистот), во коешто целокупното знаење, имиџот, производствените и пазарните техники на продавачот на франшизата се достапни за користење на купувачот на франшизата, во замена за определен процент од остварената продажба.***

### *ВОВЕД*

Франшизата се дефинира како авторизација доделена од страна на влада или компанија на индивидуалец или група, која им дава право до изведуваат специфични комерцијални активности.

Давателот на франшиза се нарекува франшизер (franchisor), а примателот на франшиза, се нарекува франши-зант (franchisee).

Со договорот за франшизинг, давателот на франшизата му дава на примателот на франшизата право да продава одредена стока (облека, обувки, брза храна, играчки и друго) или да пружа одредени услуги (консалтинг услуги во врска со компјутерски софтвер, хотелски услуги, rent-a-car и други услуги). Давателот на франшизата му го франшизира на примателот на франшизата правото на користење на комерцијална формула (деловни и технички методи и моделот на управување со потфатот), како и стандардизираниот, униформен и целосен систем на пласман на стоки и/или услуги, вклучувајќи го неговиот know-

how, заштитниот знак и/или трговската марка и сите други симболи, заедно со придружните услуги и друга помош, кои се развиени од страна на давателот на франшизата и како такви се тестирани, испробани, употребени и во континуиран процес на подобрување. На примателите на франшизата им се пружа континуирана комерцијална и техничка помош во вршењето на работите, кои се предмет на франшизата и тие остваруваат одредена сигурна и континуирана добивка, за сметка на сопствените извршени финансиски или други вложувања, како и за редовната награда што му ја плаќаат на давателот на франшизата.

## *1. ВИДОВИ НА ФРАНШИЗИ*

Постојат неколку видови на франшизи:

**Франшиза на производот.** Карактеристика на овој вид на франшиза е тоа што купувачите на франшизата имаат право да дистрибуираат стока, а за тоа плаќат надомест.

**Производствената франшиза** има широка употреба во индустријата. Франшизантот има ексклузивно право да произведува и дистрибуира производ во одредена област.

**Бизнис франшизата** е најпопуларна форма на франшиза. Понудувачот на франшизи нуди широк спектар услуги, а за тоа прима одреден надомест.

Франшизата е продавање на know-how, *(практично знаење за тоа како да се постигне нешто).* Знаењето може да се пренесува и усно, преку обука и со консултанции. Со франшизата се врши трансфер на технологија на работење.

Што добива продавачот на франшизата?

Стекнување и одржување на капитал, воспоставување на ефективна дистрибуцијска мрежа, намалување на пазарните трошоци, намалува трошоци, не ги поседува продавниците, нема свои вработени па не им обезбедува плата, осигурување администрација, обука на вработените. Продавачот на франшизата обично ќе побара почетна членарина, поради компензација на трошоците за избор на локацијата, извршениот тренинг и други услуги неопходни за успешен старт.

Ова е популарен начин да се отпочне бизнис, бидејќи нуди поголема сигурност во работењето. Кога ќе се купи франшиза, се станува дел од голема организација со сите предности што одат со тоа. Рекламирањето на поширок регион со реклами подготвени од централа е само дел од предностите.

Купувачот на франшизата се согласува да одржи одредени стандарди на операции специфицирани од продавачот. Тој плаќа одредена сума, а за возврат добива право да: продава извесен производ или услуга, користи некое заштитено име, користи заштитни знаци, техника на операција или технолошки процес, којшто го поседува на франшизата.

## *2. ПРЕДНОСТИ НА ФРАНШИЗИНГ СИСТЕМОТ*

Давателот на франшизата (франшизер) му дава права на купувачот на франшизата да ги дистрибуира производите на франшизерот, да ги користи техниките на продажба и трговската марка за одреден процент од продажбата на тој производ или услугата или за фиксна годишна цена. На тој начин претпримачот, купувач на франшизата добива готови производи и или услуги, добива разработени теники на продажба, рекламирање и трговска марка, која веќе е позната на пазарот.

Пред потпишувањето на договорот продавачите на франшизи ги проверуваат способностите на купувачот на франшизата како и пазарниот потенцијал и локацијата каде ќе функционира франшизата и доколку тие показатели се добри постојат малку причини, кои можат да доведат до неуспехот на франшизата.

Предностите кои се добиват со франшизинг начин на работењето се:

- Со користење на франшизинг системот се намалува ризикот од евентуален неуспех на новите претпријатија, бидејќи веќе развиените и стабилни претпријатија им продаваат франшиза на други, новоотворени претпријатија.
- Сите клучни операции во процесот на производството и продажбата (дизајнот и стандардизираноста на производите и нивниот квалитет, заштитниот знак, рекламата итн.)

- Претприемачот има пристап до сите техники, па не му треба големо искуство во работењето, односно тој може веднаш да отпочне со работа.
- Шпекулациите и манипулациите во работењето се минимални, бидејќи постои систем на финансиска и сметководствена контрола од страна на продавачите на franшизата, така што купувачот на франшизата е сигурен во исправноста на своето работење.
- Предноста на франшизинг системот се состои и во можноста да се привлечат поголем број потрошувачи отколку што тоа би можел самиот претприемач како и да се борат во конкуренцијата со останатите големи претпријатија.
- Продавачите на франшиза овозможуваат добивање различни консултантски услуги, реклама, обука на менаџери, маркетинг итн., што е многу корисно за самостојните претприемачи, особено на почеток на нивната работа. Тука се вклучени и процесите на развој и истражувачката работа, односно активностите кои самите претприемачи не би можеле да ги извршуваат поради низа лимитирачки фактори.
- Голема предност за купувачот на франшиза е можноста за добивање финансиска помош, преку финансирање на почетните активности во работењето, при купување на опрема и сл. Тука е и помошта во продажбата, маркетингот, во планирањето и во предвидувањето на продажбата.
- Продавачот на франшиза обично помага при изборот на адекватни локации, со што се зголемува можноста за поголем успех, што индивидуалните претприемачи честопати не можат да го обезбедат.

## *3. НЕДОСТАТОЦИ НА ФРАНШИЗИНГ СИСТЕМОТ*

Како поизразени недостатоци на франшизата, како бизнис се:

- Продавачот на франшизата го диктира темпото и поставува правила на однесување, кои мораат строго да се почитуваат. Претприемачите стануваат зависни. Тие се повеќе менаџери отколку претприема-

чи, односно го губат својот индентитет, бидејки со долгогодишни договори цврсто се врзани во системот.

- Договорот честопати го ограничува преносот на сопственоста, што значи дека корисникот на франшизата не може секому да ја пренесе својата сопственост над одредена франшиза.
- Купувачот на франшизата може да биде оштетен бидејќи согласно договорот опремата и суровините мора да ги купува само од фирми одобрени од давателот на франшизата, иако на пазарот можеби има поевтина цена.
- Корисникот на франшизата му плаќа одреден процент на продавачот од годишниот профит, со што го намалува сопствениот профит.

### *4. ФРАНШИЗА – ИЗЈАВА ЗА ОТКРИВАЊЕ*

Изјавата за откривање треба да биде темелна за да ги опфати сите прашањата кои се или кои ќе станат релевантни во понатамошен тек на работењето. Купувачот на Франшиза добива директни информации кои го засегаат и врз основа на понудените информации одлучува дали ќе отпочне бизнис врска со продавачот на Франшизата или ќе побара некоја друга опција за работење. Изјава за откривање треба да содржи следниве информации:

- Мора да се најде името на продавачот на франшизата под кое тој го води бизнисот, пазарниот знак и името и одредбата на основачот на компанијата.
- Директорите и шефовите за маркетинг, операции и обуката треба да бидат индентификувани по име и презиме, а треба да биде наведено и нивното работно искуство во претходните вработувања, во текот на последните 5 години.
- Операторите треба да го прикажуваат временскиот период за кој тие ја продаваат франшизата. Ако основачот на компанијата продавал други франшизи, треба да бидат прикажани и имињата на тие франшизи и временскиот период кога тие се продавале.

- Продавачите на франшиза мора да покажат историјат за осудување, проневера, притвори, доколку ги имало.
- Објавената изјава мора да содржи банкротство на сите директори на франшизата, доколко ги имало.
- Франшизинг бизнисот, линијата на производство и можниот пазар мора да бидат потполно опишани.
- Мора да има листа со која се предвидува почетно плаќање кое треба да го направи купувачот на франшиза како: кирии, трошоци за инвестирање и други наплати.
- Треба да се достави до купувачот на франшизата листа на периодичните плаќања.
- Купувачот на франшиза мора да биде снабден со листа од личности, со кои ќе биде потребно да соработува во текот на работењето.
- Изјавата мора да дава основа за пресметување какви приходи продавачот на франшизата има со луѓе кои треба да соработуваат со купувачот на франшизата.
- Продавачот на франшизата мора да даде листа на материјали што треба да ги изнајми или купи, како и имиња на личностите од кои ќе ги купи.
- Франшизинг договорите мора да бидат објавувани, вклучувајќи ги имињата на давателите на заемот, процентот на наплата, како и провизии.
- Продавачот на франшизата мора да го наведе секое ограничување. На пример, какви производи можат да бидат продавани, колку тие можат да бидат продадени, каде и на која продажна територија.
- Доколку сака друг инвеститор да се вклучи во работењето, тогаш мора да биде обезбеден опис на должностите кои се очекува тој да ги изврши.
- Објавената изјава мора да ги содржи термините во кои може да се откаже или обнови договорот за купување на франшизата.
- Објавената изјава мора да вклучи статистика за бројот на операции на франшизингот. Бројот на сите обнови кои се одбиени и бројот на откажани купувачи на франшизата мора да обезбеди список на имиња на 10 франшизинг локации најблиску до онаа која е предмет на продажбата.

- Мора да биде наведен датум помеѓу потпишувањето на спогодбата за купување на франшизата и датумот за отворање на таа локација.

### *5 ЛИСТА НА ПРАШАЊА КОИ ТРЕБА ДА ГИ ОДГОВОРИТЕ ПРЕД ДА ГО ПОТПИШЕТЕ ДОГОВОРОТ*

Пред да се одлучи дали ќе се потпише договорот за франшиза и дали да се отпочне со таков начин на работење треба да се изврши детална проценка на квалитетот на понудената франшиза. Бидејки не се сите франшизи исти, има солидни франшизи и помалку добри. Бидејки продавачите на франшизата се искусни имаат потпишано повеќе договори и често пати ставаат одредени членови, кои во понатамошен тек на работењето добиваат големо значење и може да претстава голема обврска за купувачот на франшизата. А може и финансиска штета да биде нанесена со невнимателно потпишување на вешто составени договори. Затоа е најдобро да се напише листа за проверка и да се проверува секоја реченица и секоја можна ситуација за да се обезбеди сигурност во понатамошниот тек на работењето.

Листа за проценка на квалитетот на франшизата:

- Дали Ви се дава ексклузивно право на територијата или продавачот на франшизата може да продаде втора или трета франшиза на Вашата територија?
- Дали продавачот на франшизата е поврзан на некој начин со друга компанија, која нуди слична стока или услуги?
- Ако одговорот на претходното прашање е “да“, која е заштитата од другата компанија?
- Под кои околности Вие можете да го раскинете договорот и колку ќе Ве чини ако решите од некоја причина да престанете со работата?
- Ако ја продадете франшизата, дали ќе Ви се компензира за Вашата добра волја или пак со продажбата ќе имате загуба?
- Колку години продавачот нуди франшизи?
- Дали има репутација на чесно работење меѓу локалните фирми кои имаат нивна франшиза?

- Дали продавачот на франшизата Ви покажал сигурни бројки, кои покажуваат точен профит на една или повеќе фирми, кои Вие самите сте ги провериле?
- Дали продавачот на франшизата, ќе Ви помогне со:
  - ✓ програма за обука на менаџерите?
  - ✓ програма за обука на персоналот?
  - ✓ програми за односи со јавноста?
  - ✓ капитал?
  - ✓ кредит?
  - ✓ идеи за производи?
- Дали продавачот на франшизата ќе Ви помогне да најдете добра локација за новиот бизнис?

## *6. ПРАВНО НОРМИРАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ФРАНШИЗА*

Во повеќето европски земји договорот за франшизинг е неименуван договор на автономно трговско право и тој не се уредува со посебни правила, туку на него се применуваат општите начела на облигационото право. Како извори за уредување се користат општите услови на франшизинг компаниите, нивните типски и формуларни договори, диспозитивните норми на граѓанското и трговското право, општите трговски обичаи, како и судската и арбитражната практика. Поради сето ова договорот за франшизинг е многу комплексен и сложен.

Во Република Македонија, франшизингот како дејност и договорот за франшиза не се уредени со посебен закон. Франшизингот се споменува во Уредбата за изземање на вертикалните договори за исклучително право на дистрибуција, селективно право на дистрибуција и за исклучително право на купување и франшизинг. Договорите за франшиза во Уредбата се опишани како вертикални договори со кои едно претријатие, давател на франшиза, му доделува на друго претпријатие, примател на франшизата, во замена на директен или индиректен паричен надомест, право на користење на франшиза, односно пакет на права од интелектуална сопственост, со цел маркетинг на специфични видови стоки и/или услуги и за препродажба на стоки или за обезбедување услуги за крајните потрошувачи (член 3 (2) д. од Уредбата).

За да може еден договорен однос да се дефинира како договор за франшизинг треба: прво, договорните страни кај договорот за франшизинг, да имаат целосна правна независност; второ, со договорот да се пренесува, односно да се франшизира правото на користење на светски познат и униформен деловен метод и имиџ; трето, да постои соработка помеѓу договорните страни на континуирана и долготрајна основа; четврто, да се добива континуирана помош од страна на давателот на франшизата; петто, да се работи за договор intuitu personae, односно исклучително блиски врски помеѓу давателот и примателот на франшизата.

Договорот за франшизинг содржи елементи на множество други договори на трговското право: договорот за продажба, договорот за трговско застапување, договорот за дистрибуција, договорот за лиценца на права на индустриска сопственост, договорот за know-how кој се состои во размена на технички, оперативни и други практични и релативно тајни информации, договорот за снабдување, договорот joint venture и други.

### *7.1. Содржина на договорот за франшизинг*

Содржината на договорот за франшизинг ја сочинуваат правата и обврските на договорните страни – давателот на франшизата, франшизерот и примателот на франшизата франшизатот.

**Обврски на давателот на франшизата се**:

- откривање на што повеќе информации;
- пренос на комерцијалната формула и обликот како целосен и униформен систем на примателот на франшизата (притоа, давателот на франшизата има обврска за лиценцирање на сопствениот трговски знак или жиг и неговиот know-how);
- пружање континуирана помош на примателот на франшизата која се состои од:
    - *помош во инсталирањето и одржувањето на формулата,*

- *помош во пренесувањето и имплементацијата на know-how-от,*
- *обврска за редовно испорачување на стоката доколку давателот на франшизата е истовремено произведувач на стоката или врши претходна селекција на стоката што се дистрибуира.*

**Права на давателот на франшизата,** врз основа на договорот за франшизинг се:

- контрола и надзор на функционирањето на системот;
- право на заштита на пакетот на правата на интелектуална и индустриска сопственост;
- право на договарање клаузула за неконкуренција за време и по престанувањето на договорот за франшизинг;
- право на надомест за отстапената деловна формула и за станување интегрален дел од единствената дистрибутивна мрежа.

**Обврски на примателот на франшизата се**:

- промовирање на деловниот метод на давателот на франшизата;
- плаќање соодветен надомест на давателот на франшизата;
- обврска за неконкуренција со давателот на франшизата за време и по престанувањето на договорот;
- евентуалното подлиценцирање, супфраншиза на деловната формула или целосно да се забрани или да се дозволи по претходна согласност од давателот на франшизата;
- редовни известувања до давателот на франшизата;
- обврска за чување на деловните тајни;
- обврска за учество во трошоците за рекламирање;
- обврска за постојано откривање на фактот дека се работи за независен трговец; обврска за зачленување во локална франшизинг-асоцијација, секако доколку постои, и друго.

**Правата на примателот на франшизата,** врз основа на договорот за франшиза, најчесто се:

- право на непречено користење на пренесениот пакет на права кои ги содржи деловната франшизинг-формула;
- право на немешање од страна на давателот на франшизата во начинот на користењето на пренесениот пакет на права кои ги содржи франшизата, освен во делот на дозволеното право на контрола и надзор во функционирањето на системот и франшизинг-мрежата;
- право на примателот на франшизата да бара соодветен надомест за времетраењето на клаузулата за неконкуренција по редовното престанување на договорот.

### *7.2. Надомест на штета*

Надоместот на штета што се плаќа при престанувањето на договорот за франшизинг, може да биде најразличен: надомест на штета и изгубена добивка поради неосновано предвремено раскинување на договорот; надомест на штета поради краткото траење на отказниот рок што давателот му го дава на примателот на франшизата; надомест на штета доколку примателот на франшизата ги користи правата кои се содржани во пакетот на франшизата и по престанувањето на договорот, создавајќи привид дека е сè уште член на франшизинг-дистрибутивната мрежа и надомест на штета поради неовластено користење и/или пренесување на правата од интелектуална и индустриска сопственост од страна на примателот на франшизата на конкуренти на давателот на франшизата.

### *7.3. Обврски на договорните страни по престанувањето на договорот за франшизинг*

Кај договорот за франшизинг постојат определени права и обврски кои го надживуваат постоењето на самиот договор, иако станале полноважни уште во моментот на неговото склучување. Најчесто се среќаваат следниве обврски за примателот на франшизата:

- обврска на примателот да го врати сиот имот и средствата (документацијата во врска со правата содржани во пакетот на франшизата), кои му припаѓаат на давателот на франшизата;
- обврска на примателот да престане да го користи и да го отстрани од своите деловни простории трговското име, знакот, жигот или логото на давателот на франшизата и да престане со создавање впечаток дека е сè уште дел од франшизинг-синџирот на давателот на франшизата;
- обрвска на примателот да ги чува како деловна тајна сите информации и know-how до кои дошол врз основа на договорот за франшизинг, во периодот додека правата содржани во пакетот на франшизата уживаат законска заштита, односно сè додека know-how-от има карактеристики на тајност и оригиналност.

Давателот на франшизата е должен да ја купи назад сета стока што останала кај примателот по престанувањето на договорот по цена која е однапред утврдена во договорот или од страна на независен стручњак, или пак да му дозволи на примателот и понатаму да ја продава таа стока, но овојпат без право да преферира на трговскиот знак или логото на давателот на франшизата во своите деловни простории.

### *7.4. Надлежност на судот кај договорот за франшизинг*

Кај договорот за франшизинг важи слободата на договорните страни во изборот на правото и судот во случај на спор во врска со договорот. Практиката покажува дека договорните страни го избираат локалното право како меродавно, односно правото на примателот на франшизата,

***Пример за Договор за франшиза:***

**ДОГОВОР ЗА ФРАНШИЗИНГ**

Склучен на ________ година во _____________ меѓу:

1. Друштво ___________________________________ застапувано од ____________________ од _________, со ЕМБГ ________________(во натамошниот текст: давател на франшизата) и

2. Друштво ________________ од ________, застапувано од _______________, од _______, со ЕМБГ_______________(во натамошниот текст: приматер на франшизата).

## I. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛИ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

1. Предмет на овој договор е услужна ексклузивна франшиза за користење на првото на стоковна и услужна, индивидуална трговска марка - Решение број ______________ од _________ година Државен завод за индустриска од страна на давателот кон примателот на франшизата.

2. Целите на франшизингот по овој договор се преку користење на правото на трговска марка да се зголеми ефикасноста и понудата и да се прошири пазарот за пласман на предметната трговска марка.

3. За остварување на целите на овој договор, договарачите се согласија и договорија:

- деловните односи меѓу договарачите да се одвиваат и засноваат на постојана заемна соработка и меѓусебна помош;
- производството, развојот и пласманот да се планираат и програмираат преку методологија што ќе ја усвојува и утврдува орган на управување на давателот на франшизата;
- учеството во поделбата на добивката и поднесувањето на ризикот да бидат на рамноправна основа, врз основа на посебната евиденција на производството и пласманот.

## II. ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА ФРАНШИЗАТА

**Член 2**

1. Давателот на франшизата се обврзува према примателот на франшизата:

а) да му ги пружа сите услуги потребни за реализација на овој договор, во поглед на изготвувањето на техничко-технолошката документација и програма за прозиводство;

б) да врши постојана стручна контрола и надзор за квалитативно и квантитативно производство и пласман на предметниот производ;

в) да обезбедува постојани комисиони услуги околу набавка на потребна опрема, суровини и репроматеријали, што на корисникот на франшизата ќе му бидат птребни за реализација на договорот и тоа по набавни цени;

2. Давателот на франшизата се обврзува и гарантира дека техничкотехнолошката документација за производство на предметниот производ ги содржи сите потребни и современи мерки и нормативи за заштита на работниците при работа и за заштита на работната средина и човековата околина.

3. Да му открие што повеќе информации на примателот на франшизата, да му ја пренесе комерцијалната формула, инсталирање и одржување на формулате.

## III. ОБВРСКИ НА ПРИМАТЕЛОТ НА ФРАНШИЗАТА

**Член 3**

1. Примателот на франшизата се обврзува:

а) да работи по производната програма на давателот на франшизата, користејќи ја притоа целокупната техничко-технолошка документација, стручни совети, налози и напатствија од давателот на франшизата;

б) да делува под фирмата _________________ и заштитниот знак __________ во рамките на предметот на франшизингот;

в) да води посебна сметка за стручното, квалитативното и квантитативното производство на предметниот производ, како и за роковите за производство и испорака;

г) редовно месечно да го известува давателот на франшизата за текот на производството, количината на произведеното и залихите;

д) да не произведува или пласира исти производи на друг производител без писмена согласност на давателот на франшизата;

ѓ) да ги чува како деловна тајна сите податоци околу предметниот производ, што давателот на франшизата ги означи како деловна тајна.

2. Примателот на франшизата се обврзува за користење на сите услуги на давателот на франшизата да му плаќа на име месечен надоместок ___% (проценти) од планираната вредност на производот, како и тековен надомест на стварни трошоци доколку давателот на франшизата ги направи за техничка помош, снабдување на репроматеријали и суровини пласман на готови производи и слично.

3. Примателот на франшизата е должен во текот на траењето на овој договор да ги презема сите мерки и нормативи при работата, према техничката документација и упатствата на давателот на франшизата, за заштита на здравјето и животот на работниците и заштита на работната средина и човековата околина.

## IV. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### Член 4

1. За целосна и успешна реализација на овој договор, договарачите се согласија да формираат заеднички деловен одбор, составен на паритетна основа од 5 члена, а претседателот да го именува примателот на франшизата.

Начинот на работа, надлежноста и начинот на одлучување на деловниот одбор се уредува со деловник за работа што согласно го донесуваат договарачите.

**Член 5**

1. Овој договор е склучен за времетраење од ___ години, и истиот молкум се продолжува уште за ____ години, доколку еден од договарачите не го откаже договорот по писмен пат, најмалку ___ месеци пред протекот на рокот на неговото важење.

2. Секој од договарачите може да бара и предвремено еднострано раскинување на овој договор, во случаи кога ќе оцени дека другиот договарач ги почитува и исполнува договорените обврски или дошло до битни и неотклонливи тешкотии во исполнувањето на договорот и за тоа писмено го извести другиот договарач, со образложение на причините.

3. Секој од договарачите може да бара раскинување на договорот и во случај кога тој го известил другиот договарач да ги отстрани, во разумен рок, недостатоците или тешкотиите во врска со реализација на договорот, а тој тоа не го стори.

4. Во случај на раскинување на договорот во смисла на член 4 точка 2 и 3, договарачите се должни меѓусебно да ги намират своите обврски, до денот на раскинување на договорот.

5. Доколку до раскинување на договорот дојде по вина на еден од договарачите другиот договарач има право да бара надоместок на штета и изгубена добивка, по правилата на облигационото право.

6. Во случај на неисполнување на договорот поради виша сила договарачите имаат право на реституција на даденото.

Под виша сила во смисла на овој договор ќе се сметаат сите настанати околности по склучувањето на договорот, кои го оневозможиле неговото целосно или делумно извршување, а кои ни со посебно внимание ни еден од договарачите не можел да ги предвиди, спречи или отстрани (војна, штрајкови, мобилизација, пожар, експлозија и сл.).

7. Измени и дополнувања на овој договор можат да се вршат само во согласност на договарачите, во писмена форма (анекс на договорот) и со потписи на овластените лица на двата договарачи.

8. Евентуалните спорови во врска со реализација на овој договор договарачите ќе ги решаваат меѓусебно спогодбено и по мирен пат. Доколку договарачите не постигнат спогодбено решение за настанатиот спор, истиот ќе го изнесат пред Основен суд _______________.

9. Овој договор е напишан на македонски јазик и целокупната документација и кореспонденција за реализација на истиот ќе се води и обавува на македонски јазик, без посебни заверки во суд или во други органи.

10. Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од двата договарачи.

11. Овој договор е напишан во 4 (четри) истоветни примероци од кои по 2 (два) за секој договарач.

| ПРИМАТЕЛ НА ФРАНШИЗАТА | ДАВАТЕЛ НА ФРАНШИЗАТА |
| --- | --- |
| _______________________ | _______________________ |

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист Јулија Минковска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2022 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2022 година (за даноци и придонеси)* | *43.509,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2022 година, за образец (МПИН)* | *21.755,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плати - (16 x 43.509 )* | *696.144,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2022 година* | *8.788,00* |
| *Дневница за службени патувања од 21.04.2022* | *2.394,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2021 година* | *28.718,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година* | *42.887,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2022 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за *2022* година, изнесува:

| |
|---|
| ***43.509,00 денари.*** |

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2022 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08 ... 171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2022* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***21.755,00 денари (43.509,00 x 50%).*** |

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)*** <br> ***21.755,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*** <br> ***43.509,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:*** <br> ***21.755,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2022 година***, изнесува:

***696.144,00 денари (16 x 43.509,00 денари).***

### *3.2. Највисока основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.* |
| ***522.108,00 денари (12 x 43.509,00 денари)*** |

### *3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

| |
|---|
| ***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2022 година**, изнесува. |
| ***696.144,00 денари (16 x 43.509,00 денари*** |

### *3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност*

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

| |
|---|
| ***34.807,00 денари (43.509,00 денари x 80%).*** |

| |
|---|
| ***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личн доход.*** |

## 4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***АПРИЛ/2022 година,*** по вработ. | 18,8% | *4.090,00* | *130.875,00* |
| Придонес за здравствено осигурување за месец ***АПРИЛ/2022 година***, по вработен | 7,5% | *1.632,00* | *52.210,00* |
| Придонес за вработување за месец ***АПРИЛ/2022 година***, по вработен | 1,2% | *261,00* | *8.354,00* |
| Придонес за професионално заболување за месец ***АПРИЛ/2022 година,*** по вработен. | 0,5% | *109,00* | *3.48100* |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | *6.092,00* | *194.920,00* |

## 5. МИНИМАЛНА ПЛАТА

Согласно Законот за минималната плата во РМ (“Службен весник на РМ” 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 239/19; 41/22), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Период на важност | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 – 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 – 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 – 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |
| 4. | 01.03.2022 – 28.02.2023 | 18.000,00 | 26.422,00 | 41/2022 Закон |

# *6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

## *6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2022 до 31.12.2022 година)*

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21), данокот на личен доход за доход од работа, се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

## *6.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2022*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| **Период** | **2022 година** |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.788,00*** |
| ***Годишно*** | ***105.456,00 (8.788 x 12)*** |

# *7. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец **ЈАНУАРИ/*2022*** година во однос на месец ***ДЕКЕМВРИ/2021*** година ***се ПОВИСОКИ за (1,5%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***ЈАНУАРИ/2022*** во однос на месец ***ДЕКЕМВРИ/2021 година***, изнесува ***(0,75%).***

## *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***АПРИЛ/2022*** година, изнесуваат:

***168 часа.***

## *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ЗА 2022 година*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (II), а се однесува за месец АПРИЛ/2022 година, изнесува:***

***44.531,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр**. 4.1.22.37 од 21.04.2022).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (XII-I-II/21/22 година),*** а се однесува месец ***АПРИЛ/2022 година изнесува:***

***44.667,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.37 од 21.04.2022).***

## *10. ПРОСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ЗА 2022 година*

***10.1. Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за месец (II), а се однесува за месец АПРИЛ/2022 година, изнесува:***

***29.839,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр**. 4.1.22.36 од 21.04.2022).***

***10.2. Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (XII-I-II/21/22 година),*** а се однесува месец ***АПРИЛ/2022 година износува:***

| |
|---|
| ***29.920,00 денари,*** |

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.36 од 21.04.2022).***

## *11. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### ***11.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(I), а се однесува за месец АПРИЛ/2022 година*** износува:

| |
|---|
| ***29.839,00 денари,*** |

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.36 од 21.04.2022).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 29.839,00 денари:***

**За ОПШТЕСТВЕНИ правни лица**

| |
|---|
| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**<br>***17.903,00 денари***<br>**(60% од основицата )**<br>***(29.839,00 x 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА**<br>***59.678,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)**<br>***(2 x 29.839,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 59.678,00 денари*** |

| ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО<br>*17.903,00 денари*<br>*(60% од основицата)*<br>*(29.839 x 60%)*<br>*Ослободен од Данок на личен доход до 17.903,00 денари.* |
|---|

*11.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР*

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(XII-I-II/21/22 година),*** а се однесува за месец ***АПРИЛ/2022 година, изнесува:***

***29.920,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.36 од 21.04.2022).***

Износот ***29.920,00 денари,*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за** ***ПРИВАТНИ правни лица:***

***<u>РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР</u>***

**Регрес за годишен одмор (**Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач):

- ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец АПРИЛ/2022 година изнесува:***

***11.968,00 денари во НЕТО износ***

***(29.920,00 x 40%)***

***<u>Согласно колективен договор на ниво на дејност или КД на ниво на работодавач може да се утврди регрес во поголем износ од износот согласно ОКДПСОС.</u>***

***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***

***35.625,00 денари***

***(44.531,00 x 80%)***

(***80% од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)***

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

| |
|---|
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** <br> ***59.840,00 денари*** <br> ***(двократен износ од основицата (2 x 29.920)*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 59.840,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** <br> ***29.920,00 денари*** <br> ***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец*** <br> ***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка 11,1111%*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** <br> ***17.952,00 денари*** <br> **60% од основицата – ( 60% од *29.920,00)*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 17.952,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** <br> ***2.394,00 денари*** <br> **- 8% од основицата (8% од *29.920,00)*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 2.394,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО*** <br> ➢ ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата; <br> ➢ ***20% од утврдената дневница,*** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и <br> ➢ ***5% од утврдената дневница,*** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** <br> ***89.760,00 денари*** <br> ***во висина од ТРИ основици (3 x 29.920,00)*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 89.760,00 денари.*** |

| |
|---|
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** <br> ***59.840,00 денари*** <br> ***во висина од ДВЕ основици (2 x 29.920,00 денари)*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 59.840,00 денари.*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ*** <br> ***29.920,00 денари*** <br> ***(во висина на основицата)*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 29.920,00 денари.*** |
| ***КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО*** <br> ***ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ*** <br> (**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар). <br> ***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.*** |
| ***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН*** <br> ***ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ*** <br> ***(во висина на стварни трошоци)*** <br> ***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2022*** <br> ***5.744,00 денари*** <br> (во висина од *20% од* просечна нето плата, исплатена во претходната 2021 година *(28.718,00 x 20%)* <br> ***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 5.744,00 денари.*** |
| ***НЕПРЕКИНАТО БОЛЕДУВАЊЕ*** <br> ***ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** <br> ***(поради повреда на работа и професионално заболување)*** <br> ***29.920,00 денари;*** <br> Во висина од една просечна месечна нето плата исплатена по работник во РСМ за последните три месеци <br> ***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

### *12. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ*
### *што го исплатува Фондот за здравствено осигурување*

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ” 25/00...142/16; 171/17; 276/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2022 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2021 година ***(4 x 28.718,00 денари).***

***114.872,00 денари.***

### *13. НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2022 ГОДИНА*

Највисокиот износ на пензија, според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2022 година, изнесува:

***57.992,00 денари.***

### *14. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА*
### *за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец АПРИЛ 2022 година*** изнесува (***2 x 29.980,00 денари)***

***59.960,00 денари.***

### *15. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК*
### *на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка (“Службен весник на РМ” 25/00...251/21), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2021 година во РСМ во висина од:***

***21.444,00 денари (50% од 42.887,00 денари).***

## 16. ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА УПЛАТЕНИ ДОБРОВОЛНИ ПРИДОНЕСИ ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат ***во висина од износот од 2 просечни Месечни Бруто плати*** исплатени во претходната 2021 година, на годишно ниво по вработен, кои изнесуваат:

***85.774,00 денари**: (2 x 42.887,00).*

## 17. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 15 дена | 70% од основицата |
| Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови | 90% од основицата |
| Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот | 90% од основицата |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

## 18. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21), во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок),* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| Години поминати во работен однос | Висина на плата |
|---|---|
| До 5 години | Една плата |
| Од 5 до 10 години | Две и пол плати |
| Од 10 до 15 години | Три и пол плати |
| Од 15 до 20 години | Четири и пол плати |
| Од 20 до 25 години | Шест плати |
| Над 25 години | Седум плати |

| Испратнина за 2022 | Просечна Нето плата по работник во претходниот месец | Најнизок износ на испратнина |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 (2x50%) |
| ЈАНУАРИ/2022 | 29.145,00 | 14.573,00 |
| ФЕВРУАРИ/2022 | 29.130,00 | 14.565,00 |
| МАРТ/2022 | 29.943,00 | 14.972,00 |
| АПРИЛ/2022 | 29.980,00 | 14.990,00 |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

## *19. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практиканската работа кај работодавачот **има право на** ***МЕСЕЧЕН надоместок кој се исплаќа од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок **се утврдува во НЕТО ИЗНОС за полно работно време** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

**од 42% до 74% од МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА, *за практикантска работа ДО ТРИ месеци*; и**

**Во висина на МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА** ***утврдена согласно со Закон, за практикантска работа НАД ТРИ месеци***, сметано **од четвртиот месец**.

**Минимална НЕТО плата *18.000,00 денари***

**Се пресметува и плаќа:**

- **Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.**
- **Данок на личен доход во висина од 11,1111%.**

## *20. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

**Надоместок за Практична обука на ученици и практична настава на студент, во висина најмногу до 8.000 денари месечно:**

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на сту-денти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%.***

## *21. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен вес-ник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа.......................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

## *22. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година ("Службен весник на РМ" 287/21), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***
***8.976,00 денари***

***(30% од просечна Месечна Нето плата, и***сплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% х 29.920,00)***

***(Ослободен од Данок на личен доход до 8.907,00 денари);***

| |
|---|
| **ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК**<br>*59.678,00 денари (2 x 29.839,00)*<br>*(двократен износ на просечна месечна нето плата по ра-бот-ник во Републиката објавена на денот на исплатата)*<br>*(Ослободен од Данок на личен доход до 59.678,00 денари);* |
| **ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО**<br>*29.839,00 денари*<br>*(во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена на денот на исплатата)*<br>*(Ослободен од Данок на личен доход до 29.839,00 денари);* |
| **ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА**<br>*(за најмалку 10 години работа кај ист работодавач)*<br>*(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година НЕ Е ПРОПИШАНА)* |
| **ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА**<br>*(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година од 01.01.2022 година):*<br>*700,00 денари* |
| **ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА**<br>*(двократен износ од просечна Месечна Нето плата, по работник исплатена во РМ до денот на исплата*<br>*59.678,00 денари (2 x 29.839,00)*<br>**Ослободен од Данок на личен доход до 59.678,00 денари.** |
| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**<br>***(Согласно член 21 од Гранскиот Колективен договор за Органи на државна управа, Стручни служби на Влада на РМ, Судовите, Јавните обинителства, Казнено-поправните и воспитно поправните установи, Државно правобранителство, општините, градот и општините на градот Скопје Агенциите, Фондовите и други органи основани од Собранието на РМ ("Службен весник на РМ" 51/20, 172/21),*** вработениот **има право** на регрес за годишен одмор, во висина **од најмалку:**<br>***9.000,00 денари НЕТО,***<br>под услов вработениот ***да работел најмалку шест (6) месеци, во календарската година кај работодавачот.*** |
| **НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК**<br>*(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2022 година, НЕ Е ПРОПИШАН).* |

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** <br> Согласно член 14 од Законот за Извршување на Буџетот за 2022 година, во висина од **една просечна месечна нето плата** *(во Органот каде што е вработен).* <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ*** <br> ***(во висина на стварни направени трошоци).*** <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ ЗА МАРТ//2022*** <br> ***6.433,00 денари (42.887,00 x 15%)*** <br> ***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2021 година***): <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 6.433,00 денари.*** |
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2022 година изнесува: 81,60 денари*** <br> Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***(“Службен весник на РМ” 293/2021).*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84-Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР- (за задолжително социјално осигурување)*** **за II/2022 година*****, се однесува за месец АПРИЛ/2022 година изнесува 23.984,00 денари( 50% од 47.967,00)*** |

***22.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор***

| | |
|---|---|
| Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија, работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:* | |
| | |

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 7 дена<br>До 15 дена<br>Од 15 до 21 ден | 70% од основицата<br>80% од основицата<br>90% од основицата |
| за професионално заболување и повреда на работа, давање крв, бременост и раѓање | 100% од основицата |

***ОСНОВИЦА: Просечна исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

### *22.2. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ” 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа............................................29%***
- ***Работа ноќе..............................................................29%***
- ***Работа во три смени ..............................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

**Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *23. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА ЗА 2022 ГОДИНА*

### *23.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО НЕТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **18.000,00** |
| 2. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 9.212,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **1.024,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **19.024,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (19.024 x 1,3889)** | **26.422,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (7 x 18,8%) | 4.967,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (7 x 7,5%) | 1.982,00 |
| 9. Придонес за вработување (7 x 1,2%) | 317,00 |
| 10. Придонес за дополнително (7 x 0,5%) | 132,00 |
| 11. **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **7.398,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (7 -11) | 19.024,00 |
| 13. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12-13) | 10.236,00 |
| **15. Данок на доход (14 x 10%)** | **1.024,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6-11-15)** | **18.000,00** |

### *23.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО БРУТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА II (15.945 x 1,3889)** | **26.422,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.967,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.982,00 |
